**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на 93-тата седница**
**на**
**Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 11 декември 2001 година**

Седницата се одржа во сала I на Собраието на Република Македонија со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа по 93-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да притиснат едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници, што значи дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минатиот пат ја прекинавме седницата при разгледувањето на првата точка од дневниот ред која се однесува на избор на судија на Апелационен суд во Штип. Меѓутоа, направивме еден разговор меѓу пратеничките групи и беше даден предлог сега да работиме од точката 6 од дневниот ред па до крајот, заради дополнителни договарања и кога ќе завршиме со оваа работа, повторно ќе се вратиме на првата точка.

Ова го ставам до знаење или ќе треба да одлучиме со одлука. Мислам дека нема потреба од тоа, па да продолжиме со работа.

За збор се јави г. Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, јас ќе се јавам за збор процедурално во друга насока. Јас ќе ви укажам на вас како потпретседател, а вие пренесете ја сугестијата што сега ќе ја изнесам, бидејќи не е тука претседателот на Собранието, а би сакал тој да го слушне ова. Имено, тој за денес ја закажа 93-тата седница на Собранието со точка на дневен ред за избори и разрешување на судии. Меѓутоа, ние почнавме со работа по 95-тата седница, на која се ставени две точки на дневен ред и тоа Законот за локална самоуправа и Информацијата во врска со водоснабдувањето на Прилеп и регионот од изворот "Студенчица".

Би предложил бидејќи вие сепак сте потпретседател да му сугерирате на претседателот во најбрз можен рок, еве денес да работиме по оваа седница, но најдоцна утре 95-тата седница да продолжи со работа, ако не може по првата точка за усогласување на ставовите да продолжи по втората точка.

Ова го кажувам од причина што имам информација дека денес Владата расправа по оваа точка и за утре веројатно ќе имаме подготвен текст, па добро би било овде да расправаме и да донесеме заклучоци.

Јас би ве замолил да го пренесете ова на претседателот и таа сугестија да се испочитува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас можам само тоа да го пренесам, а да закажувам нови седници без негово овластување не можам. Тоа ќе биде пренесено и ако прифати претседателот, ќе работиме и по таа точка од 95-тата седница.

Минуваме на точката 6 - Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлозите за разрешување и мислењата на Комисијата на прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Зекир Селими од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме

(по гласањето)

Гласале вкупно 70, од кои 65 за, 2 воздржано и 3 пратеници против.

Констатирам дека Зекир Селими е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Виолета Јосифова од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од вкупно присутни 73 пратеници, гласале 70, од кои 70 за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Виолета Јосифова е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на м-р Димитар Узунов од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале вкупно 70, од кои 67 за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека м-р Димитар Узунов е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Милица Смичкова од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале вкупно 70, од кои 67 за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Милица Смичкова е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Петар Голубовски од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија,

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале вкупно 69, од кои 67 за, ниеден воздржано и 2 против.

Констатирам дека Петар Голубовски е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Преминуваме на 7 точка - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања, на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 72 пратеници, од кои 71 за, воздржано никој и 1 против.

Констатирам дека Стеван Петанчевски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје поради исполнување услови за старосна пензија.

Преминуваме на 8 точка - Предлог за разрешување на судии на Апелациониот суд во Битола.

Предлозите за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Сотир Фрчковски од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 64 пратеници, од кои 63 за, 1 воздржано и против нема.

Констатирам дека Сотир Фрчковски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Сотир Секуловски од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 64 пратеници, од кои 62 за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Сотир Секуловски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола поради исполнување на услови за старосна пензија.

Преминуваме на 9 точка - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Штип.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 61 пратеник, од кои 61 за, нема воздржано и против нема.

Констатирам дека Димитар Шалев е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Штип, поради исполнување услови за старосна пензија.

Преминуваме на 10 точка - Предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Струга.

Предлозите за разрешување ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Боро Симјановки од функцијата судија на Основниот суд во Струга.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 67 пратеници, од кои 66 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Боро Симјановски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струга по негово барање.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Живко Вранишковски од функцијата судија на Основниот суд во Струга.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 68 пратеници, од кои 67 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Живко Вранишковски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струга поради исполнување на условите за старосна пензија.

Преминуваме на 11 точка - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот ви е доставен односно поделен.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на Јованче Најдов од функцијата судија на Основниот суд во Кавадарци.

Ќе го искористам правото да се изјаснам овде.

Колегата Јованче Најдов е предложен скоро 2 години за разрешување. Дали по негово добро поведение или наше лошо работење, тој и денес ја врши функцијата. Предлогот за разрешување беше поради направени грешки во чекори, земал предмет кој не му бил по редослед да го работи. Тој предмет е изработен, ги поминал сите фази на судска инстанца, одлуките се потврдени, што значи дека се исправни. Тоа значи дека треба да размислиме дали овој човек после две години со позитивни оценки на повисоките судови треба да биде разрешен.

**ЈОРДАН ДЕСКОВСКИ:**

Почитуван потпретседтеле, почитувани дами и господа пратеници, ситуацијата не е таква каква што ја објаснува потпретседателот на Собранието. Таа е многу деликатна состојба. Тоа што не се избра, не се избра, ама доставено ви е дополнително образложение. Меѓутоа, постапката е доверлива, не може овде да се објаснува. А не е суштината дека зел туѓ предмет. Зел што зел туѓ предмет. Судот во кој што постапува Не е надлежен суд и тој што е должникот, на кого е издадено извршувањето не ,е должник и не е правно лице. Ова немам право јас да го објаснувам, но сакам да расчистам против она што е. Не да треба да се разреши, и до сега не покажа и не покажа дека е поправлив. Извинете, ова не смеам да го кажам, ќе ми замерат во Републичкиот судски совет, но јас морав да го кажам. И две години да Не биде разрешен тој, сите Негови одлуки можат да бидат оборени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**.

За збор се јавува МухамеД Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, По ова што го слушнавме сега треба да заземеме став како ќе гласаме з;а овој предлог, бидејќи од потпретседателот на Собранието слушнавме дека се работи за тоа што земал предмети, но мене ми остана дилема, бидејќи претседателот на Републичкиот судски совет кажа дека не е проблемот во тоа, ми остана дилема како да гласам, колку е тој предмет во судската архива, за да имаме ние едно огледало како да гласаме. Во праксата во нашата држава предметите Се влечат со години кога не се сака да се решат тие предмети. Дали тука судијата постапил според правилото или не, треба да имаме малку поголемо сознание околу тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, јас би сакал малку да ја посочиме работата како што треба овде во Собранието, сепак, треба да водиме сметка за дигнитетот на личностите кои ги бираме и ги разрешуваме и за вакви искази или дискусии овде кои се причини и какви се причините за неговоро разрешување, имаме добиено мислење од Комисијата за избори и именувања. Сите работи кои што треба да се изнесат во прилог на тоа дали треба да се разреши или не, се дискутираат и се расправаат на Комисијата за избори и именувања. Да не отвораме овде постапка, бидејќи јавноста не гледа и не е во ред заради достоинството на

личноста на овие луѓе да отвораме вакви или онаки расправи.

Затоа, ве молам, имаме извештај на Комисијата за избори и именувања, со кои што се оценило со оценка дека овој судија треба да биде разрешен и ние треба да се држиме врз основа на тој предлог.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали уште Некој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за разрешување на Јованче го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, од кои 45 пратеници гласале "за", "воздржани" 20 и "против" гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Јованче Најденов е разрешен од функција судија на Основниот суд во Кавадарци.

Дванаесетта точка - Предлог за разрешување на судии на Основнот суд во Штип.

Предлозите за разрешување и мислење на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Нако Костов од функцијата судија на Основниот суд во Штип.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои 52 пратеници гласале "за", "воздржани" 12 и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Нако Костов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Штип, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Павлина Белчовска од функцијата судија на Основниот суд во Штип.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, од кои 54 пратеници гласале "за", "воздржани" 13 и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Павлина Белчовска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Штип, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Тринаесетта точка - Предлози за разрешување на судии на Основнот суд во Охрид.

Предлозите за разрешување и мислење на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на судија Јован Костовски од функцијата судија на Основниот суд во Охрид.Молам, кој бара збор?

(Никој)

Ве молам, ќе ја соопштам одлуката кога ќе биде.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, од кои 70 пратеници гласале "за", "воздржани" 2 и "против" не гласал никој.

Констатирам дека Јован Костовски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Охрид, по негово барање.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Елисавета Деребаноска од функцијата судија на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 71 пратеници, од кои 52 пратеници гласале "за", "воздржани" 14 и "против" гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Елисавета Деребаноска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Охрид, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Четиринаесетта точка - Предлог за разрешување на судија на Основнот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои 64 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Виолета Копановска-Стојановска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје, по нејзино барање.

Петнаесетта точка - Предлог за разрешување на судија на Основнот суд во Крушево.

Предлогот за разрешување и мислење на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Дончо Димоски од функцијата судија на Основниот суд во Крушево.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 85 гласале 64 пратеници, од кои 63 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Дончо Димоски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Крушево, по негово барање.

Шеснаесетта точка - Предлог за разрешување на судии поротници на Основнот суд во Дебар.

Предлогот за разрешување и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Енвер Алајбегу од функцијата судија-поротник на Основниот суд во Дебар

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од 86 присутни од кои 59 пратеници гласале "за", "воздржани" 6 и "против" гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Енвер Алајбезгу е разрешен од функцијата судија-поротник на Основниот суд во Дебар.

Бидејќи е ова почесна функција, не се кажуваат причините.

Отворам претрес по предлогот за разрешување на Бајрам Мустафовски од функцијата судија-поротник на Основниот суд во Дебар.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од присутни 86 гласале 69 пратеници, гласале 53 "за", "воздржани" 4 и "против" гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Бајрам Мустафовски е разрешен од функцијата судија-поротник на Основниот суд во Дебар.

Седумнаесетта точка од дневниот ред - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог на одлуката и одлуката ја ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од присутни 78 гласале 65 пратеници, од кои 64 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија.

Осумнаесетта точка - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, од кои 62 пратеници гласале "за", "воздржани" 2 и "против" нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија. Деветнаесетта точка - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Битола и на Основниот суд во Кратово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници од присутни 80, од кои 63 пратеници гласале "за", "воздржани" 2 и "против" нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Битола и 'на Основниот суд во Кратово.

Дваесетта точка - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, од кои 67 пратеници гласале "за", "воздржани" 1 и "против" нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Дваесет и прва точка - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основнот суд во Охрид и на Основниот суд во Крушево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници од кои 65 пратеници гласале "за", "воздржани" нема и "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Охрид и на Основниот суд во Крушево.

Дваесет и втора точка од дневниот ред - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Гостивар, Кавадарци, Прилеп, Скопје I - Скопје и Струга.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој Не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници од кои 67 пратеници гласале "за", "воздржани" 1 и "против" нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Гостивар, Кавадарци, Прилеп, Скопје I - Скопје и Струга.

Дваесет и трета точка - Предлог за именување директор на Агенцијата за државни службеници.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници од кои 40 пратеници гласале "за", "воздржани" 5 и "против" гласање 18 пратеници.

Констатирам дека Рубин Двојаков е именуван за директор на Агенцијата на државни службеници и на колегата Двојаков му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Иванов Мирко.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници мислам дека наредна точка после тоа е за разрешување на заменик обвинител во Делчево. Јас имам образложение, а гледам нема претставник од Владата, бидејќи тие се предлагач, па ако се обезбеди претставни, бидејќи сакам да дадам образложение за постапката за разрешување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе дојдеме до таа точка.

**МИРКО ИВАНОВ:**

И таа е исто за обвинител.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, штом нема претставник, јас се извинувам.

Минуваме на точката 27 - Предлог на одлука за огласување именување на заменици на Вишиот јавен обвинител во Скопје и Штип.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за 61, два воздржани, еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување заменици на Вишиот јавен обвинител во Скопје и Штип.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за огласувања именуваше на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе очекував да го прочитате амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Пратениците Жарко Караџоски и Звонко Мирчески поднесоа амандман на насловот и на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Само во интерес и на време и на процедура би сакал да го кажам следново.

Овде се работи за типична грешка. Испуштен е Прилеп со две заменички места, иако подолго време се тие испразнети. Испразнети се поради смртен случај, а второто место е испразнето од 1997 година.

Заради тоа што нема претставник јас можам да соопштам на пратениците дека јас искомуницирав со Републичкиот јавен обвинител и тој даде согласност да се поддржи овој амандман. Затоа би апелирал до пратениците да го подджиме овој амандман, да не ја кочиме процедурата за огласување бидејќи и така Прилеп долго време го чека ова.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој предлог јас треба да го ставам на гласање.

Ве молам, отворам претрес по амандманот на пратениците Жарко Караџоски и Звонко Мирчески.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Прво, ни амандманот можете да го ставите, бидејќи треба да кажете дека не се исполнети деловничките определби. Во Република Македонија има голем број непополнети места за јавни обвинители, односно заменици. Систематизација е едно, а извршувањето ја води политиката на Законто за јавно обвинитесltво. Не ги оспорувам фактите на господинот Караџоски. Ние, во мала мера го направивме, ова не е кванташки пазар - јас контактирав со обвинителот, јас контактирав со ... нема проблем празно е местото.

Имате процедура. Владата на Република Македонија, на предлог на Јавниот обвинител распишува оглас за пополнување. Тоа е законска регулатива. Вие треба да кажете дека не се исполнети условите. Што ако предлагачот треба да се изјасни, ако е тука предлагачот и ако рече прифаќам, нема никаков проблем. Ја води политиката на Владата.

Инаку, немам ништо против Прилеп. Има во Кочани, има во Ресен. По систематизација е едно, а политика на пополнување е друго. Сега прашувам дали има средства во буџетот? Ние го изменивме буџетот, го изменивме вработувашето. Но сме буџет за секое обвинителство посебно. Ако во буџетот за 2002 година има пари, не е

проблем.Буџетот ни е доставен. Таму ќе имаме амандмани.

Не ја знам конкретната состојба, но сметам дека нема основ да се изјаснуваме. Не се исполнети законските услови за изјаснување околу амандманот. Бидејќи немате претставник, симнете го од дневен ред ова, ако не сакате понатаму, или предлагачот тоа многу добро го знае, ако не сакаме да ја кочиме потребата во другите обвинителства. Владата оценила дека зо овие обвинителства треба да има оглас и да гласаме би било редно. Истото е проблем, господине Караџоски, ако е договорен обвинителот за наредната седница, ќе предложи распишување на пополнување на тие места.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не би сугерирал ништо, би направил само коментар.

Ако беше јавниот обвинител, овластениот предлагач тука, ќе кажеше не, а Собранието го усвоеше амандманот, дали немаше да важи? Само толку. Го поставувам како прашање.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, не би сакал да полемизирам деловнички, држи место ова што господинот Гештаковски го кажува, сепак сакам да кажам една работа дека не сум пристапил несериозно кога сум го поднел овој амандман. Претходно сум ги испитал условите и причините дали има место да се поднесе амандман.

Но, во ред, предлогот на Гештаковски, неговата забелешка држи место. Немаме тука претставник. Тука би дал еден конструктивен предлог амандманот и точката да останат на дневен ред, да ја заобиколиме и во оној момент кога ќе продолжи расправата за предлозите за разрешување, кога ќе ни треба за јавни обвинители, како што се случи со точките 24,25 и 26, кога ќе има претставник од Владата да се произнесеме по оваа точка, заедно со овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде расправаме по се.

На мислење сум овој предлог да го прифатиме, па со другите кога ќе биде разрешувањето да се расправа и по овој предлог.

Одиме понатаму.

Минуваме на точката 29.

Предлог на Одлука за огласување именување на јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за 57, два воздржани, два против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Минуваме на точката 30 Предлог за разрешување на судија на Основниот суд - Гостивар.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за пра-шана на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Ве молам, кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување судија на Основниот суд Гостивар го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, сите се за, воздржани нема, против нема

Констатирам дека Фаик Арслани е разрешен од функцијата судија на Основниот суд Гостивар по негово барање.

Ова што го дадовме како прв дел на расправата на денешната седница е делумно завршено, бидејќи три точки останаа неразрешени.

Се враќаме сега на првата точка на дневниот ред, а тоа е избор на судија ...

Процедурално бара збор Г. Биљал Љутвии.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Во име на пратеничката група на ДПА барам пауза од причина што имаме потреба за уште дополнителни консултации како во однос на избор на претседатели на одредени судови и за избор на судии на одредени основни судови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барате пауза, а не кажавте колку.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Сега, тука е проблемот. Еден час време, но се приближува времето на ифтар, така што вие треба да определите. Нам ни треба најмалку еден час време.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Колеги пратеници, ве молам , по покана на претседателот на

државата, во 14,30 часот, колку што е сега времето, би требало да бидеме присутни се изведува химната после 60 години, значи јубилејно е, во холот. Сега е токму толку времето.

(седницата заврши во 14,30 часот)